# База на прашања за завршен испит по македонски јазик и литература

**1. Прочитај го следниот текст и одговори на поставените барања:**

Св. Кирил се родил во Солун околу 827 година. Татko му Лав бил потстратег на градот. Таа позиција и углед му овозможиле да се школува во Цариград каде што учел и синот на византискиот цар. Уште од мал ја покажал својата поетска дарба и напишал пофално слово за Григориј Богослов.

И покрај понудите за лесен и удобен живот се определил да му служи на Бога и на народот.

Во врска со св. Методиј, особено за времето пред Моравската мисија имаме многу малку податоци.

**1.1 За кои личности станува збор во наведениот текст?**

______________________________________________________________________

1 / поен

**1.2 Податоци за нив добиваме од:**

а. „Панонските легенди“

б. „О писменех“

в. „Слово заради завист“

1 / поен

**1.3 Автор на делото за св. Кирил и Методиј е:**

а. Црноризец Храбар

б. Климент Охридски

в. Наум Охридски

1 / поен

**1.4 Каков вид творби се „Панонски легенди“**

_______________________________________________________________________________

1 / поен

**1.5 Азбуката што ја составил св. Кирил се нарекува:**

а. кирилица

б. латиница

в. глаголица

1 / поен

**1.6 Кое е значењето на „Панонски легенди“?**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

1 / поен

**1.7 Солунските браќа се:**

а. најголеми писатели на своето време

б. најобразовани луѓе

в. основоположници на словенската писменост

1 / поен

Вкупно 7/ поени

**2. Прочитај го извадокот и одговори на поставените барања:**

„Орелски крилја как да си метнех,
и в наши стрни да си прелетнех!
На наши места ја да си идам,
да видам Стамбол, Кукуш да видам,
да видам дали с'нце и тамо
мрачно угревјат како и вамо.“

**2.1 Ова е извадок од песната:**

а. „Денови“

б. „Т'га за југ“

в. „На чуждина“

1 / поен

**2.2 Автор на песната е:**

а. Константин Миладинов

б. Рајко Жинзифов

в. Григор Прличев

1 / поен

**2.3 На кој правец во македонската литература припаѓаат гореспоменатите автори?**

________________________________________________________________

1 / поен

**2.4 Какви чувства се искажуваат во извадокот?**

________________________________________________________________

1 / поен

**2.5 Песната е напишана на:**

а. струшки говор

б. охридски говор

в. прилепски говор

1 / поен

**2.6 Кое изразно средство се сретнува во последните два стиха?**

а. метафора

б. епитет

в. компарација

1 / поен

**2.7 За своите песни Константин Миладинов се инспирирал од:**

а. Пушкин

б. Лермонтов

в. народната литература

1 / поен

**2.8 Наведи две-три одлики на романтизмот.**

_______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________

1 / поен

Вкупно 8 / поени

**3. Одговори на барањата извлечени од делото „Пиреј“ од Петре М. Андреевки.**

**3.1 Според формата ова дело е:**

а. расказ

б. роман

в. драма

1 / поен

**3.2 Делото „Пиреј“ и припаѓа на:**

а. македонската литература меѓу двете светски војни

б. романтизмот

в. повоената македонска литература

1 / поен

**3.3 Кои се главните ликови во ова дело?**

______________________________________________________________________________

1 / поен

**3.4 Кога се случуваат настаните во делото?**

а. Првата светска војна

б. Втората светска војна

в.  Балканските војни

1 /        поен

**3.5 Што симболизира насловот „Пиреј“?**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

1 /        поен

**3.6 Како се викаат децата на главните ликови во ова дело?**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

1 / поен

**3.7 Зошто Велика не сака да и се помешаат коските со коските на Јон?**

а. Затоа што избрала погрешен маж

б. Затоа што ја измачувал додека бил жив

в. И двата претходни одговори

1 / поен

**3.8 Причина за менувањето на карактерот на Јон е:**

а. војната

б. смртта на децата

в. смртта на Велика

1 / поен

**3.9 Каква жена прикажува авторот преку ликот на Велика?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

Вкупно 10 / поени

**4. Крсте П. Мисирков се залага во основата на литературниот јазик да влезат:**

а. централните говори

б. северните говори

в. источните говори

1 / поен

**5. Првиот писмен словенски јазик се нарекува:**

а. старогрчки

б. црковнословенски

в. старословенски

1 / поен

**6. Наведениве зборови се погрешно напишани: ЈАГОДКА, ПОДСТАНАР, ПОДПОЛКОВНИК, ПОДКРЕНА. Напиши ги правилно!**

________________________________________________________________________

1 / поен

**7. Во македонскиот јазик акцентот стои од крајот на зборот на:**

а. третиот слог

б. вториот слог

в. првиот слог

1 / поен

**8. Акцентирај ги следниве зборови: дрво, играјќи, матура, правоаголник, литература и училница.**

____________________________________________________________________________

1 / поен

**9. Од наведените именки подвлечи ги конкретните: дете, лебед, воздух, вистина, мравка, песок, цвет, храброст.**

1 / поен

**10. Од именката „дрво“ образувај придавка.**

____________________________________________________________________________

1 / поен

**11. Свршените глаголи од наведените реченици претвори ги во глаголи од несвршен вид. (напиши ги речениците на празните линии)**

1. Тој изигра најдобро од сите.
2. Милка го напиша писмото.

_______________________________________________________

_______________________________________________________

1 / поен

**12. Подвлечи го прирокот во реченицата.**

Вера мораше да оди на пат.

1 / поен

**13. Подвлечи го подметот во реченицата.**

Весна ја слушаше песната што аранжираше татко ѝ.

1 / поен

**14. Значење на деминутив има зборот:**

а. кокиче

б. куче

в. маче

1 / поен

**15. Хомоними се следниве зборови:**

а. црно – бело, мало – големо;

б. врат – шија, база – основа;

в. метален – ментален, Индиец – Индијанец

г. коса, крило, кит

1 / поен

**16. Изразот „Си ја има мувата на капата“ претставува______________________________**

**израз.**

1 / поен

**17. Зборовите: алва, баклава, боза, ќумбет, според потеклото се______________________**

**______________________.**

1 / поен

**18. Напиши го значењето на следниве фразеологизми:**

а. црно злато __________________________

б. мед и млеко ________________________

в. долг јазик ___________________________

1 / поен

**19. Во минато определено време се следниве глаголи:**

а. сум јадел, сум дошол, сум станал;

б. јадев, дојдов, станав;

в. ќе јадам, ќе дојдам, ќе станам.

1 / поен

**20. Од простава реченица образувај сложена:**

Зборувајќи одевме на училиште.

____________________________________________________

1 / поен

**21. Ако дојдеш, ќе одиме во кино.**

**21.1 Оваа реченица е:**

а. независносложена составна

б. зависносложена временска

в. зависносложена условна

1 / поен

**21.2 Редот на дел-речениците е:**

а. неправилен ред (инверзија)

б. правилен ред

в. главна па вметната

1 / поен

**21.3 Напиши ја независната (главната-дел реченица) реченица (од горенапишаната).**

____________________________________________________________

1 / поен

**22. Дијалектен јазик е** ____________________________________________________________

____________________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________________

1 / поен

**23. Божидар Видоески ги поделил дијалектните говори во три наречја. Кои се тие?**

____________________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________________

1 / поен

**24. Зборовите: маса, мајка, три, носи, припаѓаат на:**

а. дијалектна лексика

б. интернационална лексика

в. неутрална лексика

1 / поен

**25. Прочитај го следниот текст и одговори на поставените прашања.**

**Нобеловата награда за литература**

Нобеловата награда за литература е награда која се доделува секоја година, почнувајќи од 1901год. На автор од некоја земја кој, според зборовите на Алфред Нобел од неговиот тестамент, го има напишано „најзначајното дело со идеалистички тенденции“. „Делото“ во овој случај се однесува на авторовиот опус, иако понекогаш се цитираат и поединечни дела. Шведската академија одлучува кој, доколку и воопшто има некој, ќе ја прими наградата во соодветната година, а неговото име го објавува во почетокот на октомври.

Изборот на Нобел да го вметне зборот „идеалистичко“ или „идеално“ (во македонски превод) како основен критериум при одбирањето на лауреатите е причина за многу контроверзии и несогласувања. Во почетокот на 20-тиот век, Одборот за доделување на наградата се осврнува кон првото значење на зборот, и ова е единствената причина што автори од типот на Лав Толстој и Хенрик Ибзен не ја добиле Нобеловата награда. Сепак, во последно време, зборот е чии дела се од големо значење, но и на такви кои се залагаат за почитување на човековите права; вторава причина, за некои луѓе, е причина да се додаде и политичка конотација на наградите.

*„Крунскиот момент во текот на церемонијата, по повод доделувањето на наградата во Стокхолм, е кога лауреатот истапува за да ја прими наградата Неговото Височество – Кралот на Шведска....пред очите на целиот свет. Нобеловиот лауреат прима три нешта: диплома, медал и документ кој го потврдува износот на наградта.“*

Во последниве години Шведската академија е на удар на многу критичари. Некои веруваат дека многу познати светски автори не само што не ја добиле туку и не биле номинирани за наградата, а според други, дел од лауреатите воопшто и не ја заслужуваат. Многу контроверзности се испреплетени и околу политичката димензија на процесот на номинирање и изборот на последните лауреати.

Секоја година Шведската академија испраќа барања за номинации за Нобеловата награда за литература, поранешни Нобелови лауреати, како и претседатели на Друштва на писатели – сите тие имаат право да номинираат свој кандидат. Сепак, не е дозволено некој да се номинира себеси.

Илјадници барања се пуштаат секоја година, но одвај педесетина се прифатени. Овие предлози, Академијата ги прима  до 1 февруари, по што одборот почнува да ги разгледува. До април Академијата го стеснува кругот на дваесетина кандидати, а до почетокот на летото, остануваат петмина. Останатите месеци се разгледуваат делата на можните добитници. Во октомври, членовите на Академијата гласаат; оној кандидат што ќе добие повеќе од половина од гласовите, е идниот лауреат. Во основа, процесот е ист и при доделувањето на останатите награди. Номинациите и предлозите, во принцип, се чуваат во тајност педесет години, но некои од нив ги откриваат (или тврдат дека ги знаат) пр. медиумите.

**25.1  Од која година почнува да се доделува Нобеловата награда?**

__________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________

1 /        поен

**25.2  Според кого е добиено името Нобелова награда?**

__________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

**25.3 Кој одлучува за доделувањето на наградата?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

**25.4 Кој збор го има значењето на основен критериум при изборот на лауреатите?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

**25.5 Каде се доделува Нобеловата награда?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 /       поен

**25.6 Кој ја врачува наградата?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

1 /       поен

**25.7 Кои три нешта ги прима Нобеловиот лауреат?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

1 /       поен

**25.8 Што велат критичарите во последните години за Шведската академија?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

___

1 / поен

Вкупно 8 / поени

**26**. **Прочитај го следниот текст и одговори на поставените прашања.**

**Маршевите – секојдневие во Северна Ирска**

И католиците и протестантите во Северна Ирска го прославуваат Велигден речиси идентично. Сепак, и покрај сличностите, меѓу двете заедници сè уште има длабоки разлики, а минатото, особено периодот на конфликтот наречен „Неволјите“ тешко се заборава. Во Белфаст верските празници често значат и политички чествувања, маршевите во Северна Ирска сè уште се секојдневие. Така и еден е организиран од католиците. Како што Велигден е политички настан за католиците така во јули се маршевите а протестантите. На ваков начин двете заедници ги одбележуваат настаните и жртвите од минатото, востанијата или битките од историјата на двете заедници. Улиците се затворени за сообраќај, знамињата се развиорени, учесниците носат цвеќе, се свири музика.

„Никогаш не ги заборавамe младите луѓе“ вели еден човек на прашањето која е целта на маршот. Џон е Ирец, католик од Белфаст и се обидува да објасни која е позадината на недоразбирањата во Северна Ирска. Унионистите сакаат да останат дел од Британија, а Републиканците сакаат да бидат дел од обединета Ирска. И тоа е тоа! Мајкл Карнс, политички уредник на БиБиСи во Белфаст, овде работи од 70-тите години на минатиот век. Вели „Сега состојбата е драматично изменета, луѓето се согласија со политичко решение за Северна Ирска, а со тоа се намали насилството.

„Во тоа време се случуваше убитвопо убиство, бомба по бомба, не беше на ниво како на Балканот, но за разлика од северна Европа, од Обединетото Кралство и Република Ирска ова беше многу напнато и застрашувачко место.“ вели Карнс „Но во Белфаст сè уште има по некој инцидент или некоја паравоена група. Сепак тие се маргинални.“ Патриша ја сретнавме на велигденското утро пред католичката катедрала „Свети Петар“ во Белфаст. Таа ни објасни дека во последните години е обичај да се посетуваат црквите на пријателите од друга заедница.

**26.1 Како се празнуваат верските празници во Белфаст?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

1 / поен

**26.2 Кој период не можат да го заборават заедниците на католиците и протестантите?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

1 / поен

**26.3 Што обележуваат двете заедници со маршевите?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

1 / поен

**26.4 Што се случува за време на маршот?**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

1 / поен

**26.5 Каде и од кога работи Мајкл Карнс?**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

1 / поен

**26.6 Како е намалено насилството во Северна Ирска?**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

1 / поен

**26.7 Што се случувало за време на конфликтот во Ирска?**

________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

**26.8 Што сакаат унионистите, а што републиканците?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

**26.9 Каде била Патриша на велигденското утро?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

**26.10 Каков бил поновиот обичај во последните години?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

Вкупно 10 / поени

**27. Прочитај го следниот текст и одговори на поставените прашања.**

**Настани кај Сена**

Импреионизмот во Франција се јавил паралелно со отворањето на железничките линии кон Нормандија. Париската публика со задоволство ги посетувала крајбрежните центри, уживајќи во игранките во салите наредени покрај Сена. Овие забави, заедно со излетите на отворено и на вода, се прикажани во делата на Реноар и на Сера. Годинавана 13 и 14 јули, кога се слави Денот на Бастилја, селата крај Сена ќе организираат настани што ќе траат во текот на целото лето.

Од останатите градови, популарна дестинација е Турвил-сур-Мер. Во тамошниот музеј „Вила Монтебло“ ќе биде претставена најважната изложба на фотографии во рамките на манифестацијата наречена „Фернанд Бињон во зората на импресионизмот“. Таа ќе преттавува ретроспектива на повеќе од сто слики од овој локален фотограф, кој ја документирал селката идила во Нормандија.

Индустриското пристаниште Авр последниве години прерасна во динамичен уметнички центар. Музејот „Андре Малро“ во Авр ја поседува втората по важност колекција на дела на импресионисти, по музејот „Орсеј“ во Париз. Таму ќе бидат поставени две изложби. Првата е на досега невидени цртежи и слики изработени со пастел од Едгар Дега од една приватна колекција и изложба на акварели од Сињак наречена „Пристаништата на Франција“.

**27.1 Кога се развил импресионизмот во Франција?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

1 / поен

**27.2 Што е прикажано во делата на Реноар и Сера?**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

1 / поен

**27.3 Кој музеј се наоѓа во Авр?**

_______________________________________________________________________________

1 / поен

**27.4 Кога се слави Денот на Бастилја?**

_______________________________________________________________________________

1 / поен

**27.5 Каде ќе бидат изложени цртежите и сликите изработени во пастел од Едгар Дега?**

_______________________________________________________________________________

1 / poen

**27.6 Што се прикажува во рамките на манифестацијата „Фернанд Бињон во зората на импресионизмот“?**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

1 / поен

**27.7 Како се вика изложбата на акварели од Сињак?**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

1 / поен

**27.8 Во што прераснло индустриското пристаниште во Авр?**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

1 / поен

**27.9 Каква колекција на дела се изложени во музејот „Орсеј“ во Париз?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

**27.10 Што документирал Фернанд Бињон во своите фотографии?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 / поен

Вкупно 10 / поени

**28. Писменоста на свој јазик кај Словените започнува во:**

а. втората половина на 9 век

б. втората половина на 10 век

в. втората половина на 11 век

1 / поен

**29. Која е најзначајна мисија на браќата Кирил и Методиј?**

______________________________________________________________________________

1 / поен

**30. Двата периоди на словенската писменост се:**

а. старословенскиот и црковнословенскиот период

б. старословенскиот и прасловенскиот период

1 /     поен

**31. Под поимот старословенски јазик се подразбира**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

1 /     поен

**32. Кои книжевни школи се најпознати во средновековниот период во Македонија?**

________________________________________________________________________________

1 /     поен

**33. Охридската книжевна школа е основана од:**

а. Климент Охридски

б. Кирил и Методиј

в. Наум Охридски

1 /     поен

Вкупно 6 / поени

**34.Прочитај го следниот извадок и одговори на поставените прашања:**

„Пискотници се слушаат од Галичник во Река
што тешка несреќа ги збра
И мажите и жените та гласи тажна ека
И навева сал коб и зла?

Дал`град полињата житородни ги беше фатил?
Ил` скакулци се спуштиле рој?
Дал`султанот арачлии предвреме беше пратил?
Да збира тежок арач тој?

Ни град полињата житородни ги беше фатил,
ни скакулци се спуштиле рој
Ни султанот арачлии предвреме беше пратил
Да збира тежок арач тој.

Та Кузман, јунак славен, падна убиен од Гега,
тој сердар прочут падна в бој,
И ќе ги гази пљачкашот планините ни сега,
А да ги брани нема кој.“

**34.1 Овој извадок е од поемата ____________________________ на авторот**
________________________________________________________________________

2/ поени

**34.2 Кое стилско изразно средство го забележувате во овој извадок:**

а. компарација

б. словенска антитеза

в. реторско прашање

1 / поен

**34.3 Зад именката „сердарот“ се крие името на:**

а. Кузман Капидан

б. Гоце Делчев

в. Јане Сандански

1 / поен

**34.4 На кој правец му припаѓа авторот на оваа поема?**

_______________________________________________________________

1 / поен

**34.5 Како е опишан Кузман Капидан во оваа поема?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

2 /      поени

**34.6 Поемата „Сердарот“ во оригинал е напишана на:**

а. македонски јазик

б. бугарски јазик

в. грчки јазик

1 /      поен

Вкупно    8 /
поени

**35. Прочитај го наредниот извадок и одговори на поставените прашања.**

АНДРЕЈА: Не пијам.

КЛАУС: (На Симон) Вие ќе се напиете?

СИМОН: Ај нека влезе свинче у џамија. (Зема чашка)

СТЕВО: На здравје, господине Клаус. Добро ни дојдовте и за многу години.

КЛАУС: На здравје. (Пие) Навистина е добра.Каде е вашата господа мајка? (Стево станува да ја побара Марија. Марија стои во кујната, со цвеќето во раце и се тресе).

СТЕВО: Што е мамо?

МАРИЈА: Диво месо.

СТЕВО: Какво диво месо? Ајде таму, имаме гостин.

(Стево се враќа кај Клаус) Земете и мезе.

КЛАУС: Што значи диво месо?

СТЕВО: Тоа е бабина деветина. Празно верување дека ако некому му влезе влакно во грлото, околу коренот на влакното ќе се створи месо кое не е човечко и кое ќе расте и нарасте толкаво да го угуши човекот.

**35.1 Овој извадок е од драмата** ___________________, која ја напишал _____________________________________________.

2 /     поени

**35.2  Драмата е напишана:**

а. пред Втората светска војна

б. по Првата светска војна

в. по Втората светска војна

1 /     поен

**35.3 Дејството во драмата се случува во:**

а. Белград

б. Скопје

в. Германија

1 /     поен

**35.4 Јазикот на светата лудост кој претставува спој на урбаниот фолклор со фолклорното наследство е прикажан преку ликот на ________________________.**

1 /     поен

**35.5 Наспроти старите патријахални вредности е поставено времето што надоаѓа и тоа е најочигледно од постапките на:**

а. Симон

б. Стево

в. Андреја

1 /    поен

**35.6 Што означува метафората „диво месо“ која воедно е и наслов на оваа драма?**

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
______

3 /    поени

**35.7 Како Стево го открива вистинското лице на Клаус?**

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
______

3 /    поени

**35.8 Трансформација на трагично себеосознавање како Словен и Балканец доживува ликот на ______________________________________.**

1 /    поен

Вкупно  13 /  поени

**36. Прочитај го следниот извадок од „Божествена комедија“ (Данте Алигиери) и одговори на прашањата.**

„На средината од мојот живот земен
Вистинскиот го изгубив јас пат
Се најдов в шума, сред густеж темен.“

******************

„Вергилиј ти си? Оној певец вечен
Од чие срце блика извор стар
Од речитост! - И сетив: срам ме пече.“

**36.1 Данте Алигиери е претставник на правецот ___________________________________во _____________________________________ литература.**

2 /     поена

**36.2 Делото „Боженствена комедија“ на Данте Алигиери содржи три дела, и тоа: ______________________________________________________________________________.**

1 /     поен

**36.3 Овој извадок е воведната песна со која започнува _____________________________.**

1 /     поен

**36.4 Да се протолкува стихот: „На средината од мојот живот земен“. Каква врска има овој стих  со возраста на Данте во моментот кога ја пишувал „Божествена комедија“?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

2 /     поена

**36.5 По својот вид „Божествена комедија“ е:**

а. јуначки еп

б. религиозно-филозофски еп

в. сонет

1 /     поен

**36.6 Предметот за ова дело е земен од:**

а. романтизмот

б. класицизмот

в. средновековната религиозна литература

1 /     поен

**36.7 Кое стилско изразно средство е застапено во дадениот извадок?**

______________________________________________________________________

1 /     поен

Вкупно     9  /    поени

**37. Дополни ја дадената класификација:**

Според треперењето или мирувањето на гласните жици согласките во македонскиот стандарден јазик се делат на: звучни, безвучни и ________________________________.

1 /     поен

**38. Формата „ќе гледавме“ е форма за:**

а. идно време

б. минато – идно време

в. идно прекажано време

1 /     поен

**39. Подвлечи ги зборовите кои не се акценираат според правилото на третосложно акцентирање.**

матура, архитектура, плато, препродавач, грижлив, слаткарница, богобојазлив, конзервативец, аташе, играјќи

1 /     поен

**40. Од следните две реченици состави временска зависносложена реченица.**

Ќе се вратам од театар. Ќе одиме во кино.

_______________________________________________________________________________

1 /     поен

**41.** Од следниве реченици: **Мира многу учи**. **Ќе постигне успех.**

Состави:

**а. составна независносложена реченица**

_____________________________________________________________________________

**б. причинска зависносложена реченица**

_____________________________________________________________________________

**в. условна   завиносложена реченица**

______________________________________________________________________________

3 /     поени

**42. Во кој пример станува збор за синоним:**

а. мрак – светлост

б. мрак – темница

в. мрак – мрачност

1 /      поен

**43. Примерот метален – ментален, се однесува на :**

а. синоними

б. антоними

в. хомоними

г. пароними

1 /      поен

**44. Степенувај ги следните придавки**:

| | компаратив | суперлатив |
|---|---|---|
| а. добар | _______________________ | _______________________________ |
| б. среќна | ________________________ | _______________________________ |
| в. убаво | ________________________ | _______________________________ |

3 /      поени

**45. Речниците што го опфаќаат речничкото богатство на еден јазик се наречени**

_________________________________________________________________

1 /      поен

**46. Подвлечи го прирокот во следната реченица:**

Вчера требаше да одиме во Скопје.

1 /      поен

**47. Од простава реченица образувај сложена реченица:**

Одејќи слушавме музика.

___________________________________________________________________

1 /      поен

**48. Во реченицата: Возеше <u>зборувајќи</u> на мобилниот, потцртаниот збор е:**

а. глаголска именка

б.глаголска придавка

в. глаголски прилог

г. глаголска л-форма

д. глагол

1 /      поен

**49. Зборот мерак е:**

а.  интернационализам

б. турцизам

в. домашен

1 /      поен

**50. Прочитај го следниот текст и одговори на прашањата:**

**„Колку знаеме за човечкит мозок"**

Тој постојано се истражува, особено неговото функционирање, и постојано се откриваат нови нешта.

Од она што е досега познато: човечкиот мозок, таа маса на испреплетени нервни станици, ги одредува нашите осети, чувствата, паметењето, интелигенцијата, креативноста, мислите и постапките. Овој дел од нашата анатомија навистина го прави она што ние во суштина сме. Мозокот е посложен и посестран од кој било компјутер.

Мозокот на човекот тежи околу 1.300-1.400 грама. За споредба, мозокот на шимпанзото тежи 420, а на слонот 400грама.

Се проценува дека во човечкиот мозок постојат 100 билиони (100. 000 000 000) нервни станици, кои можат да им ипраќаат пораќи на илјадници други станици со 320 километри на час. Кога сите нервни станици на мозокот би ги наредиле една до друга, би создале замислена линија долга 1.000 километри (но линијата би била мошне тесна, со широчина од илјадити дел од еден милиметар.

Истражувачите на мозокот во изминатото десетлетие сознале за тоа повеќе за тоа како тој работи отколку во последните стотина години. Последното десетлетие на минатиот век било прогласено за „декада на мозокот“. Разбирањето на начинот на кој човечкиот мозок функционира е еден од најголемите предизвици на 21 век.

Техниките на сликање на мозокот, како што е позитронската емисиска томографија (ПЕТ) или магнетна резонанца (МР), им овозможија на научниците да го истражуваат човечкиот мозок и подобро да сфатат како работи здравиот мозок. Овие истражувања даваат разбирање  на лечењето на болсети и нарушувања намозокот.

И покрај митот дека постарите луѓе не можат да учат нови работи, истражувањата на мозокот кај постарите здрави луѓе покажале дека не постојат докази кои би ја подржале оваа предрасуда. Исто така, стареењето не значи дека лицето ќе го изгуби своето помнење. Напротив, истажувањата покажуваат дека колку некој во текот на животот го одржувал поактивно својот мозок, тој подоцна ќе задржи и поголема ментална подвижност. На постарите луѓе им е потребно повеќе време нешто да научат, но се чини дека тие и го запаметуваат она што го научиле еднакво добро како и младите луѓе.

Во текот на мошне раното детство во мозокот на детето се создаваат милиони врски. Овие врски се засилуваат ако детето е активно вклучено во активности во својата средина, вклучувајќи и разговор со него, ако му е чита и да се игра со него.

Длабоко во засолништата на човечкиот мозок лежат одговорите на многу медицински мистерии на денешницата. Многумина не се свесни кои се́ болести и оштетувања се поврзани со мозокот. Мозочен удар, Алцхајмерова болест, Перкинсова болест, пречки во учењето, епилепсија, шизофренија, аутизам и мултиплекс склероза, се примери на болести и нарушувања кои погаѓаат многумина луѓе од сите старосни граници во Европа и во светот.

### 50.1 Колку грма тежи човечкиот мозок?

а. 1.300 – 1.400 грама

б. 420 грама

в. 400 грама

1 /      поен

**50.2 Во човечкиот мозок постојат ____________________ нервни станици.**

1 /      поен

**50.3 Колкава должина би зафаќале нервните станици кога би се наредиле една до друга?**

__________________________________________________________________

1 /      поен

**50.4 Зошто последното десетлетие е прогласено за „декада на мозокот“?**

______________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

1 /      поен

**50.5 Што овозможуваат техниките за сликање на мозокот?**

______________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

1 /      поен

**50.6 Според истражувањата на мозокот кај постари здрави луѓе се дошло до заклучок дека:**

а. постарите луѓе не можат да паметат многу нови работи

б. не постојат реални докази дека постарите здрави луѓе не можат да учат нови работи

1 / поен

**50.7 Како се зацврстуваат врските кои се создаваат во мозокот на детето?**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

1 / поен

**50.8 Наброј некои болести и оштетувања поврзани со мозокот!**

______________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________

1 / поен

Вкупно 8 / поени

**51. Прочитај го следниот текст и одговори на прашањата.**

**„Дијамантот – најтврдата природна материја на Земјата“**

Дијамантите се формираат во период од милијарда и повеќе години, длабоко во Земјината кора, на околу 150км, а на површината се „истуркуваат“ со вулкански процеси.

Повеќето дијаманти се најдени во вулкански карпи наречени кимберлити или во море каде што ги донесуваат реките, откако ќе избијат на површината.

Дијамантот е 58-пати потврд од следниот минерал на скалата на тврдост, корундот, од кој се прават рубини и сафири. Дури во 15 век е откриено дека дијамантот е можно да се сече единтвено со друг дијамант.

Меѓутоа, иако е најтврд, дијамантот има совршена калавост во четири насоки, така што, ако го искршите о чекан тој ќе се икрши по плотната на калавоста.

Уште една занимливост поврзана со дијамантот: ако во печка го загреете на 763ºC, тој едноставно ќе се разлее, не оставајќи зад себе никаква трага во форма на пепел. Ќе се ослободи само малку јаглен (4) – оксид.

Најголем дијамант е Cullinan, најден во Јужноафриканската Република во 1905 година. Необработен тежел 3.106,75 карати. Бидејќи еден дијамантки карат изнесува 200 милиграма дијамант, можеме да заклучиме дека каменот тежел 621 грам.

Cullinan е исечен во Great star of Afrika, кој тежел 530,2 карата (106,04 грама), Lesser star of Afrika од 317,4 карати (63,28 грама) и уште во 104 дијаманти  со речиси совршена боја и јаснотија . Денес тиесе наоѓаат на британската круна и кралското жезло.

Cullinan бил трипати поголем од вториот најголем дијамант, Excelsior, кој исто така е најден во Јужноафриканската Република.

Најголемиот обработен дијамант е исто така најден во Јужноафриканската Република.  Најден е во 1986-та година и се вика Unamed brown. Тежи 545 карати (109 грама) и е исечен од парче кое тежело 700 карати (140 грама). Меѓународен тим на специјалисти го обработувало ова ремек дело полни три години.

Уште еден импресивен дијамант, кој исто така е обработуван три години  и е исто така дел од британската круна, е Centenary. Тежи 273,85 карати (54,71 грам) и тоа е најголем дијамант со совршена јаснотија (т.е без примеси и пукнатини) на светот.

Не се сите дијаманти безбојни. Нечистотиите во дијамантот му ја одредуваат бојата, од сина, црвена, портокалова, жолта, до зелена или дури црна. Најретки се зелените дијаманти, иако тие не се најретки драгоцени камења. Таа титула најчесто му се доделува на црвениот рубин.

Земјината кора, всушност е богата со дијаманти, над илјадници секоја година се ископуваат од рудниците. 80% не се погодни за изработка на накит, но дијамантите мошне често се користат во индустријата. Само дијаманти со висока чистотија и проѕирност доаѓаат во продавниците со накит.

Кон крајот на 19-тиот век шкотскиот научник James Ballantyne измешал литиум со масло од костен и парафин. Смесата ја излеал во железни цевки и ги загреал до црвена усвитеност. Тврдел дека како резултат на опитот добил дијаманти. Но не се здобил со доверба од отанатите, па неговите камења се „одложени во фиоки“ и дури многу години подоцна  е откриено дека се тоа навитина дијаманти, само синтетички.

Дијамантскиот карат се разликува од златниот карат. Златниот карат означува чистотија- 24-каратно злато е чисто злато. Дијамантскиот карат означува тежина и, како што веќе е речено, изнесува 200 милиграма.

Зборот „карат“ е изведен од “carob bean“ (семенка на рогушка). Дилерите на драгоцени камења вообичаено ги балансирале своите ваги со семенки на рогушка оти сите тие имаат иста тежина!

**51.1 Колкав период е потребен за да се формира дијамантот?**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

1 /     поен

**51.2 Опиши го процесот на создавање на синтетичкиот дијамант.**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

2/     поени

**51.3 Како единствено може да се сече дијамантот?**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

1 /     поен

**51.4 Најголем дијамант на светот е___________________________ и е пронајден во**

**____________________________________________.**

1 /     поен

**51.5 Денес дијамантите од  Cullinan се наоѓаат:**

а. на британската круна

б. на данската круна

в. на австриската круна

1 /   поен

**51.6 Кој дијамант ја носи титулата на најредок драгоцен камен?**

______________________________________________________________________________

1 /   поен

Вкупно   7   поени

**52. Најзначајно дело на Крсте П. Мисирков е делото____________________________ издадено во______________________, а се состои од _____статии.**

3/   поени

**53. Автор на драмата „Македонска крвава свадба" е_________________________________.**

1 /   поен

**54. Во кој роман се среќаваат главните ликови Глигор и Арсо?**

______________________________________________________________________________

1 /   поен

**55.** Напиши текст на  една од наведените теми (заокружи ја буквата пред темата за која ќе пишуваш):

а.  **Младата популација го користи слободното време...**

б. **Со парите се купува сè, но не и среќата според романот „Чичко Горио“ од Оноре де Балзак**

в. **Мојата професија, моја иднина**

Текстот треба да содржи 250 – 300 зборови.

Во текстот:

- искажи го своето мислење почитувајќи ги правилата на стандардниот јазик;

- почитувај ги правилата за обликување на композицијата (воведен дел, главен дел и заклучок);

- почитувај го предвидениот број на зборови;

- искажувај се со јасни и поврзани мисли.

13/ поени

| јазик | |
| --- | --- |
| | |

| композиција | |
|---|---|
| | |
| **содржина** | |
| | |

**56. Прв литературен јазик за сите словенски народи претставувал:**

а. прасловенскиот

б. старословенскиот

в. источнојужнословенскиот

1 / поен

**57. На кои азбуки се пишувал првиот литературен јазик кај Словените?**

_______________________________________________________________________________

1 / поен

**58. Првата словенска азбука ја составил __________________________ и во науката е позната под името________________________________.**

**2/ поена**

**59. Тријазичната ерес, против која се бореле Кирил и Методиј, тврди дека христијанството смее да се шири на три јазици и тоа:**

________________________________________________________________________________

1 /      поен

**60. Кирил и Методиј се сметаат за:**

а. најголеми писатели на своето време

б. најобразовани луѓе

в. основоположници на словенската писменост

1 /      поен

**61. Основоположник на словенската писменост и култура во Македонија е**:

а. Климент Охридски

б. Кирил Филозоф

в. Наум Охридски

1 /      поен

**62. Во кој роман се среќаваат главните ликови Глигор и Арсо?**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

1 /      поен

**63. Одговори на прашањата поврзани со романот „Чичко Горио“.**

**63.1 Автор на „Чичко Горио“ е францускиот писател ________________________ и**

**припаѓа на правецот______________________ во литературата.**

2 /     поени

**63.2 Ова дело според својата форма е:**

а. расказ

б. повест

в. роман

1 /     поен

**63.3 Наброј три лика од делото „Чичко Горио“.**

________________________________________________________________________

1 /     поен

**63.4 Која е идејата во романот „Чичко Горио“?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

3 /     поени

Вкупно 7/_____поени

**64. Во македонскиот јазик акцентот стои од крајот на зборот на:**

а. третиот слог

б. вториот слог

в. првиот слог

1 /     поен

**65. Акцентирај ги следниве зборови: воденица, владика, организира, слушајќи, матура**.

_______________________________________________________________________________

1 /     поен

**66. Образувај именки од следните глаголи:**

води- ______________________

гледа-______________________

греши-______________________

1/     поен

**67. Зборовите според својата глаголска форма се:**

а. слушање, зборување ________________________________________

б. читана, пишуван_________________________________________

в. читајќи, слушајќи ________________________________________

3 /      поени

**68. Следниве зборовни состави ги, напиши ги така што ќе содржат придавка изведена од сопствената именка.**

а. кулата во Вавилон____________________________________________

б. водопадите на Нијагара________________________________________

в. езерото во Охрид______________________________________________

1/      поен

**69.** Зборовите **аверзија, амбиција, флексибилност, игнорира** според потеклото се:

а. архаизми

б. интернационализми

в. неологизми

г. неутрални

1 /      поен

**70. Кога ќе дојдеш, ќе разговараме за тоа.**

70.**1 Реченицата според видот е:**

а. независносложена составна

б. зависносложена временска

в. независносложена временска

1 /      поен

**70.2 Редот на дел-речениците е:**

а. главна, па зависна

б. зависна, па главна

в. главна, па независна

г. независна, па главна

1 /      поен

**71. Напиши ја правилно реченицата:**

Дојдов за да би разговарале.

_____________________________________________________________

1 /      поен

**71.1  Во реченицата подвлечи го прирокот.**

Елена мораше да оди на приредбата.

1 /      поен

**71.2 Во реченицата прирокот е:**

а. прост глаголски

б. сложен глаголски

в. прост глаголско-именски

г. сложен глаголско-именски

1 /      поен

**72. Напиши ги формите за свршени глаголи од несвршените:**

доаѓа ___________________________

станува _____________________________

плаќа _____________________________

3/      поени

**73. Потцртај го фразеолошкиот израз:** златен човек, златен прстен.

-Кое е значењето на овој фразеологизам?

_______________________________________________________

1 /     поен

**74. Трите основни групи дијалекти или наречја во македонскиот јазик се:**

а. западно, југоисточно, северно

б. западно, јужно, северно

в. западно, централно, северно 1 / поен

**75. Изразот „Си ја има мувата на капата“ претставува ____________________ израз.**

1 / поен

**76. Состави пасивна реченица од следнава активна:**

Филмот „Пред дождот“ се прикажуваше на повеќе филмски фестивали во светот.

________________________________________________________________________________

1 / поен

**77. Ортоепија е:**

а. правопис

б. правоговор

в. краснопис

г. животопис

1 / поен

**78. Во книгата „За македонцките работи“ на Крсте Петков Мисирков се изразени неговите стремежи за:**

а. создавање на македонски литературен јазик

б. употреба на македонскиот литературен јазик во училиштата

1 /      поен

**79. Кој е насловот на последната статија во книгата „За македонцките работи“?**

________________________________________________________________________________

1 /      поен

**80. Наброј тројца собирачи на македонското народно творештво во 19-тиот век.**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 /      поен

**81. Внимателно прочитај го текстот и одговори на поставените прашања.**

**„За цвеклото-неговата хранливост и лековитост“**

Цвеклото ги содржи речиси сите минерални состојки: калциум, калиум, натриум, фосфор, магнезиум, железо, флуор, манган, бакар, јод, сулфур, рубидиум, литиум, стронциум, бор итн. Значајно е присуството на витамините Б1, Б2, и Ц, како и на витаминот Б12, исклучително редок во прехранбените продукти од рстително потекло, а толку важен за вегетацијата. Благодарение на присуството н антоцијанот, кој му дава топла црвена боја на сокот на цвеклото, а влијае и врз обновувањето на крвта, ова благородно растение дејствува и антиканцерогено.

Мошне се големи здравствените ефекти на цвеклото во случај на деминерализација на коските и забите; присуството на јодот го прави драгоцено во борбата против антеросклерозата и забавувањето на процесот на стареењето. Сепак, основата на повеќестраната лековитост на цвеклото ја прават бетанинот и бетаинот, зашто ја поттикнуваат размената на материите, го регулираат крвниот притисок, го намалуваат холестеролот, ги одржуваат крвните садови, ја поттикнуваат работата на црниот дроб итн.

**81.1 За што се зборува во текстот?**

_______________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________

1 /     поен

**81.2 Кои минерални состојки ги содржи цвеклото?**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

1 /     поен

**81.3 Еден од витамините кои ги содржи цвеклото, а е редок во другите прехранбени**

**продукти е**______________________________________________________________________

1 /     поен

**81.4 Од каде доаѓа црвената боја на цвеклото и како влијае врз човековиот организам?**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

1 /     поен

**81.5 Основата за повеќетраната лековитост на цвеклото лежи во**_______________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

1 /     поен

**81.6 Присуството на јодот во цвеклото помага**________________________________

_______________________________________________________________________________

1 /     поен

**81.7 Зошто цвеклото дејствува антиканцерогено?**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

1 / поен

Вкупно 7 / поени

**82. Внимателно прочитај го текстот и одговори на поставените прашања.**

**„Кралевите и султаните во Анадолија во изложба“**

(Извадок од весник)

„Кралевите и султаните во Анадолија во изложба“ е наловот на изложбата која вечерва во 20 часот ќе биде отворена во Чифте амам во Скопје, а чиј автор е турскиот уметник од помладата генерација Исмаил Аџар. Тој е автор о богата биографија и со големи проекти изложувани низ Европа, како и на Венециското биенале пред две години.

На вчерашната прес-конференција, Аџар кажа дека неговиот интерес за културното наследство потекнува од неговото детство.„Кога игравме во моето мало родно место во Анадолија, каде и да копневме излегуваа стари предмети од различни културни слоеви, што е вистинска привилегија, како што е и овде, кај вас во Македонија. Изгледа дека сликам портрети, но тоа се само симболи на одредена цивилизација. Султаните се, на пример, синоним на отоманството, Александар Македонски на неговото време, лалето е симбол на Истанбул, розата на Турција“, вели Аџар. Тој работи во традиционален стил, избегнувајќи го постмодерниот израз, зашто смета оти секој уметник достигнува максимум кога го работи она од каде што произлегува, а не да ги слика облакодерите во Њујорк.

Делата на Аџар се однесуваат на богатата историја на Анадолија, опфаќајќи главно три големи периоди – Византија, Отоманската империја и современа Турција.

Аџар е познат по своите дела во огромни димензии на слики под отворено небо. Има насликано ѕид од 350 метри во Истанбул, изложувано во „Света Софија", како и огромни платна во Венеција „Султаните од Венеција".

**82.1 Кој е насловот на изложбата што ќе биде отворена во Чифте амам во Скопје?**

____________________________________________________________________________

1 / поен

**82.2 Кој е авторот на оваа изложба?**

____________________________________________________________________________

1 / поен

**82.3 Од кога потекнува неговиот интерес за културното наследство?**

____________________________________________________________________________

1 / поен

**82.4 Што најмногу слика авторот?**

а. портрети

б. симболи на одредена цивилизација

в. природа

1 / поен

**82.5 Каков стил на работа применува Аџар?**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

1 / поен

**82.6 По што најмногу е познат овој сликар?**

___________________________________________________________________________

<u>1 /      поен</u>

**82.7 Каде има изложувано свои дела?**

_______________________________________________________________________________

<u>1 /      поен</u>

Вкупно <u> 7  /      поени</u>

**83. Прочитај го следниот текст и одговори на поставените прашања.**

**„Приказна за медот“**

За медот сите знаеме дека е мошне хранлив, мошне корисен, и дека ја подобрува општата здравствена состојба. Знаеме и за многу производи од мед (или можеби сме чуле за нив), а ниту сме ги пробале ниту сме ги вкусиле.

Што сѐ содржи медот и во што сѐ да го користиме?

Најзастапени во медот се шеќерот - околу 76%, потоа водата – 18%, а друго околу 6%. Шекерот не е од ист вид, туку го има три вида: овошен шеќер (фруктоза или левулоза), и тоа најмногу – околу 41%, потоа гроздов шеќер (глукоза или декстроза) – околу 34%, и обичен шеќер (трскен или сахароза) – помеѓу 1% и 2%.

Во рамките на посочените и друго се следниве составни елементи на медот: декстрини, минерали, протеини, киселини и некои неодредени материи.

Декстрините се втора група на полисахариди (во првата е скробот). Настануваат со распаѓање на скробот во шеќер, кога тој ќе се загрее на 200 до 300 степени Целзиусови. Се

продаваат како густ сируп кој тешко истекува. Се распаѓаат во гроздов шеќер, а вријат со алкохолно вриење. Декстрините на медот му даваат својство на лепливост и густина.

Во однос на минералите темните видови на мед се побогати со нив отколку посветлите.

Протеините се или со мошне сложена структура или во форма на едноставни спoеви, т.н. Амино-киселини. Се состојат од јаглерод, водород, азот и кислород, а понекогаш содржат и сулфур. Се јавуваат и во форма на т.н. колоиди.

Од киселините најприсутни се јаболковата и лимоновата киселина.

Медот ги содржи следниве витамини: витами Ц и некои видови на Б комплексот (рибофлавин, пантотенска киселина, пиридоксин, никотинска киселина). Воопшто, присуството на витамините е мало и колебливо.

Медот содржи уште и ензими и етерични масла кои му даваат карактеристична арома.

**83.1. За што станува збор во текстот?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 /     поен

**83.2. Што најмногу содржи медот?**

______________________________________________________________________________

1 /     поен

**83.3 Од каков вид може да биде шеќерот што го содржи медот?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

1 /     поен

**83.4. Кои киселини се најприсутни во медот?**

________________________________________________________________________________

1 /     поен

**83.5 Кои состојки на медот му ја даваат карактеристичната арома, а кои лепливоста и густината?**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

1 /     поен

**83.6 Кои состојки ги содржи медот?**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

1 /     поен

**83.7 Протеините се состојат од:**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

1 /     поен

**83.8 Медот ги содржи:**

а. витамин А и Ц

б. витамин Ц и некои видови од Б комплексот

в. витамин А, Б и Д

1 /     поен

**83.9 Присуството на витамини во медот е:**

а. мало

б. мало и колебливо

в. големо

1 /     поен

Вкупно 9/_____поени

**84. Епиката може да биде напишана во форма на:**

а. проза

б. поезија и проза

в. поезија

1 /     поен

**85. Најдолга епска раскажувачка форма во проза е ____________________________**

1 /     поен

**86. Авторот Хомер ги напишал делата:**

а. Махабхарата и Рамајана

б. Библијата

в. Илијада и Одисеја

г. Тристан и Изолда

1 /      поен

**87. Птицата албатрос во истоимената песна на Шарл Бодлер е симбол на**

__________________________________________________________________________

1 /      поен

**88. На кој литературно-научна форма потсетува поемата „Странствувањето на Чајлд Харолд“ од Џорџ Гордон Бајрон?**

а. патопис

б. фељтон

в. епитаф

г. биографија

1 /      поен

**89. Опиши го главниот лик во романот „Странецот“ од Албер Ками.**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

2 /      поени